Година 2002, јуни, број 7

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЕМИ

Ректорската управа на состанокот одржан на 11.06.2002 ги усвои измените на наставните планови од Машинскиот факултет и ја одобри реконструираната насока Енергетско машинство со инженерска екологија.

## ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС ЗА УПИС НА УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈА"

Ректорската управа на состанокот одржан на 26.06.2002 донесе одлука да распише дополнителен конкурс за упис на Универзитетот. Во него ќе биде содржана и насоката ЕМИ Екологија на Машинскиот факултет.

## САМОЕВАЛУАЦИЈА

Комисиите за самоевалуација од оделни студиски програми ја заврши својата работа. Централната комисија за самоевалуација е на самиот крај од активностите.

## ГОСТУВАЊЕ

На покана на Катедрата за пластична обработка и раководителот проф. д-р Јован Лазарев, проф. д-р Карл Кузман од Машинскиот факултет во Љубљана на ден 09.07.2002 ќе одржи предавање под наслов: " Some research efforts of Department for manufacturing technologies and systems". Предавањето ќе започне во 9 часот во просторијата Ф 2-4 во анекс 2.

## СТРУЧНО СОВЕТУВАЊЕ

Во рамките на програмските активности за 2002 година Друштвото за заварување и контрола без разорување на Република Македонија (ДЗКРМ), чие моментално седишта е во ИЗЗК на МФС, организирше стручно советување.

Советувањето се одржа на ден 07.06.2002 година (петок) со почеток во 10.00 часот во просторијата А1-1 на Машински факултет во Скопје. На советувањето присус-твуваа повеке од триесет членови од повеке работни организации во Републиката.

Во работата на советувањето беа изложени четири реферати:

1. В. Филиповски ЕТФ "Развојни тенденции на електричните уреди за заварување"

2. Д. Рунчев МФС "FSW - нова постапка на заварување"
3. М. Грнарова ЗАВАР "Репаратура на цилиндер со преса"
4. Т Ковачев, С. Милошевски ИЗ ЈУГ "Репаратура на работно вретено од валавнички стан"

Особено за истакнување е тоа што оваа советување, е прво стручно советување од областа на заварувањето во нашата Република, по пауза од повеке од десет години. Бројниот одзив и интерес на членовите наложија да се организира уште едно вакво советување во месец октомври.



## КОНКУРС

Образовниот информативен центар го проследува конкурсот објавен од страна на Институтот за меѓународно образование - Institute of International Education, кој ја објавува програмата за поддршка на истражувања од областа на високото образование. Подетални информации може да се добијат кај продеканот за наука. Краен рок за аплицирање е 15 јули 2002.

## ПОСЕТА

Во текот на месец јуни, факултетот го посети Morten Henry Westvik од SINTEF - Норвешка. Разговарано е и постигната е начелна согласност за соработка меѓу МФ и SINTEF во областа на трансфер на технологијата.

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

На ден 30.05.2002 и 31.05.2002 со студентите од осми семестар на Институтот ТТ и ТЕ и од насоката ЕМИ, како и студентите од осми семестар од Институтот ПМ изведена е теренска настава при што ги посетија фирмите "Димче Бањарот", "Тутунски комбинат" и Микро -Сам од Прилеп како и "Млекара" и РЕК Битола од Битола. При тоа студентите се запознаа со производниот прецес и одржаа настава од предметите на своите насока. Одзивот на беше одличен, така што на теренската настава присуствуваа 45 студенти, 4 наставници и 3 асистенти.

## ЛАБОРАТОРИЈА ЗА УЧЕЊЕ НА ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

Лабораторијата за учење на германски јазик добиена од ДААД преку проектот Environmental Technology Transfer под раководство на проф. Беренд од Техничкиот факултет во Вилдау е ставена на располагање на студентите кои

изучуваат технички науки. Лабораторијата е сместена на Филолошкиот факултет, Скопје.

## ФЕРИЈАЛНА ПРАКСА

На нашиот факултет преку IAESTE на феријална пракса престојува Ann Iren Glimsdal, студентка на Факултетот за Инженерски науки и Технологија од Trondhajm Норвешка.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Миле Димитровски, посета на технолошки парк во Солун, Грција на ден 4 јуни 2002.
2. Доц. д-р Атанаско Тунески, посета на Институтот Михајло Пупин, Србија на ден 3 јуни 2002.
3. Проф. д-р Методија Мирчевски, работна посета на катедрата за механика на флуиди при Машинскиот факултет во Ниш, на ден 6 јуни 2002.
4. Проф. д-р Константин Димитров, работен состанок на RENEVER во врска со енергетска ефикасност во Молдавија, од 18 до 21 јуни, 2002.
5. Проф. д-р Константин Димитров, работен состанок во врска со енергетска ефикасност на UNECE EE21SC во Женева, Швајцарија 23 до 26 јуни, 2002.
6. Асс. м-р Ана Лазаревска, учество на светски конгрес за применети симулации и моделирање во Херсонисос, Грција, од 25 до 28 јуни.
7. Асс. д-р Никола Тунески од 1 до 5 јули ќе престојува во Париз, Франција, каде ќе земе уцество на "Congres de mathmatiques appliques la mmoire de Jacques-Louis Lions" при Universite Pierre et Marie Curie.
8. Асс. м-р Искра Дуковска - Поповска, стручен престој во Данска, на докторски студии.

## УПИС НА НОВИ СТУДЕНТИ

### Приемни испити:

Математика
01.07.2002
Физика или Техничка механика и јакост
04.07.2002

### Објавување на решение за прием на кандидати

09.07.2002

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**27.06.2002**
**19 СЕДНИЦА НА ННС**

**11.07.2002**
**20 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***